РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1858/4
01-09-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-1858/1 од 29.04.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости на спроведена постапка за вработување во Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за конкретниот предметен случај во тек е постапка пред друг надлежен орган – Основен суд --------.

Предметот со број 12-1858/1 од 29.04.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Државниот инспекторат за труд, на ден 29.04.2026 година на надлежно постапување на ДКСК доставено е известување со прилог Записник од извршен инспекциски надзор во Општина ------------ по кое е оформен предмет број 12-1858/1 од 29.04.2026 година.
Во писменото се известува дека Државниот инспекторат за труд постапил по пријава/барање со наводи за сомневање за незаконитости при спроведена постапка за вработување во Општина ---------- по јавен оглас број 1/2025 со архивски број 04-2461/7 од 05.08.2025 година, а во врска со тоа дека по спроведената постапка не бил заснован работен однос односно, по донесената одлука за избор на кандитат не бил склучен договор за вработување помеѓу избраниот кандидат и субјектот предмет на надзорот.
Државниот трудов инспектор, постапувајќи по барањето, извршил надзор во општината при кој констатирал дека се работи за постапка за вработување која била отпочната од работодавачот пред донесување на Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и на советот на Град Скопје и за градоначалници на опптините и градоначалник на Град Скопје, а која согласно член 8-а став 1 точка 4 од Изборниот Законик, од страна на тогашниот градоначалник, со решение била ставена во мирување, со образложение дека истата ќе продолжи по завршувањето на изборниот процес. Од страна на Општина ---------- не било донесено решение за продолжување на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија

ДКСК КSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

отпочнатата постапка иако Државната изборна комисија донела Заклучок на 12.11.2025 година дека изборите се завршени.

Со оглед на констатираното, а со оглед на фактот дека во одредбите на Законот за работни односи кои се однесуваат на огласената постапка не бил предвиден конкретен рок во кој субјектот е должен да склучи договор за вработување со избраниот кандидат, инспекторот за труд му укажал на правниот сукјект на надзор дека отпочнатата постапка која била ставена во мирување, треба да ја продолжи и по истекот на преостанатите денови на жалба на одлуката за избор, да заснова работен однос со избраниот кандидат во согласност со член 13 од Законот за работни односи.

Државниот инспектор за труд за исходот од предметниот инспекциски надзор го известил надлежното министерство односно надлежниот инспекторат за локална самоуправа, да ги испита околностите поради кои постапката не била продолжена.

Воедно, за предметниот случај ја известува и ДКСК со оглед на фактот дека постапката била запрена поради почитување на член 8-а од Изборниот законик, со цел ДКСК да му укаже на субјектот на надзорот дека запирањето на постапката трае до завешување на изборниот процес, а потоа истата треба да продолжи.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК за случајот побара од Општина ----------- да достави информација за тоа дали и како е постапено по однос укажувањето на Државниот инспекторат за труд.

Општина Прилеп достави известување дека кандидатот на ден 20.01.2026 година повел работен спор против општината заведен под број Р-----/--- пред Основниот суд во ---------. Со оглед дека во моментот на инспекцискиот надзор веќе била започната судската постапка, а заради избегнување преземање дополнителни дејствија кои би можеле да влијаат врз предметот на судскиот спор или да бидат во спротивност со конечноста на судската одлука, Општина ----------- ќе постапи согласно правосилната судска одлука во врска со овој предметен случај.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија во тек е постапка пред друг надлежен орган - Основниот суд ----------, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш.,член на ДКСК

Доставено до: Подносителот на пријавата